Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево (Службен гласник на општина Василево бр.04/03, 08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2017 година, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 15.02.2017 година.

Бр.09–419/2
16.02.2017г.
Василево

Општина Василево
Градоначалник
Ванчо Стојанов с.р.

-------------------------------------------------------------

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ'' бр.199/2014, бр.44/2015), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02 и член 21 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на општина ВАсилево бр.04/03, 08/06 и 09/10) Советот на општина Василево на 15.03.2017 година ја донесе следната :

**ПРОГРАМА**
за измена и дополнување на Програмата
за изработка на урбанистички планови
во општина Василево за 2017 година

Член 1

Во точка 2 . Планирани активности се додаваат две нови подточки 1.16 и 1.17 кои гласат :

1.16 Изработка на ЛУПД за дел од КП бр. 1732 и дел од КП бр. 1733 КО Добрашинци и дел од КП бр.1569/1 КО Нова Маала

1.17 Изработка на ЛУПД за КП бр. 1015/1 КО Добрашинци вон градежен регион.

Член 2

Во точка 3 Финансирање по бројката 1.15 се додава нова бројка 1.16 и 1.17 и гласи :

Средствата за активностите предвидени во точка 1.1; 1.2: 1.3; 1.4; 1.5 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево.Средствата за активностите предвидени во точка 1.6 1.7: 1.8 1.9, 1.10, 1.11, 1.12, 1.13, 1.14 ,1.15,1.16 и 1.17 немаат финансиски импликации на Буџетот на општина Василево за 2017 година и истите ќе се обезбедат од физички лица.

Член 3

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Василево .

Бр.08-419/1
16.02.2017г.
Василево

Совет на општина Василево
Претседател,
Драги Митев с.р